Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на ден од дневни настани 17.12.2024

На 16.12.2024, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода А.А.(27) и еден малолетник, двајцата од Скопје. Тие се сомничат дека околу 13.00 часот во филијала на една банка на подрачјето на Чаир се обиделе за извршат разбојништво, при што од огнено оружје испукале неколку куршума кон блиндог стаклото, но не повредиле никој. Веднаш потоа, во близина на местото бил затекнат А.А., а по пресретнин мерки бил пронајден и малолетникот и кај него бил пронајден нож. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесена соодветна пријава.

На 16.12.2024 во 15.45 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.К.(24) од Скопје. При прегледа кај него биле пронајдени и одземени повеќе од 200 пакувања бела прашкаста материја, кафеава прашкаста материја и бела прашкаста материја и дигитална вага со остатоци од прашкаста материја. Подоцна, со судска наредба, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје извршиле претрес во неговиот дом, при што пронашле и одзеле 37 куршуми различен калибар. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него по брза постапка ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.12.2024 во 20.30 часот на наплатна станица Сопот, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога при СВР Велес ги лишиле од слобода Н.А.(25) и Д.Ј.(19), двајцата од Велес, затоа што при прегледа во патничко возило „фиат" со велешки регистарски ознаки, кое го управувал Н.А., а соседникот бил Д.Ј., била пронајдена и одземена зелена растителна материја. Тие биле приведени во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.12.2024 во 13.00 часот, полициски службеници од Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Тетово го привеле Ж.Т.(22) од с.Туџинце, тетовско, кој бил баран по централна и меѓународна потерница врз основа на судска наредба за издржување казна затвор во траење од 10 месеци за сторено кривично дело „прикажување порнографски материјали на деца" по член 193 став 1 во врска со член 45 од Кривичниот законик. Тој бил предаден во Казнено – поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 15.12.2024 во 21.45 часот во Полициското одделение Македонска Каменица било приведено дека на магистралниот пат Кочани - Македонска Каменица, кај с.Дулица, патничко возило „опел" со делечески регистарски ознаки, управувано од С.С.(59) од Македонска Каменица се превртело на коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила неговата сопатничка О.М.(56), а со телесни повреди се здобиле возачот и уште двајца сопатници С.С.(59) и Т.М.(55), сите од Македонска Каменица, констатирани во Клиничка болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Делчево.

На 16.12.2024 во 16.50 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, А.Б.Е.(33) од Скопје приведе дека на ул.„Плачковица" во Скопје, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 16.12.2024 во 11.40 часот во СВР Битола, П.Т.(57) од с.Брусник, битолско, приведе дека на патот за с.Брусник бил каснат од куче скитник.

На 16.12.2024 во 11.40 часот во СВР Битола, С.Г.(44) од с.Бистрица, битолско, приведе дека на ул.„Солунска" во Битола била касната од куче скитник.

поднесе кривична пријава по брза постапка против М.Е. од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „убиство" во обид по член 123 во врска со член 19 од Кривичниот законик и против Б.Р. од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „помагање на сторителот по извршено кривично дело", казниво по член 365 од Кривичниот законик. Поради нерасчистени должничко - доверителски односи, на 10.12.2024 приведените отишле пред куќата на Д.Ј.(42) од с.Мирковци, скопско, при што М.Е. од пиштол пукал кон него, но не го повредил. Судија на претходна постапка, на М.Е. му определил мерка притвор во траење од 30 дена.

На 16.12.2024 во 17.10 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.С.(54) од Куманово. При контрола во неговиот продавен објект во населба Карпош и подоцна при претрес во неговиот магацин, извршен со судска наредба, биле пронајдени околу 5.500 парчиња пиротехнички средства. С.С. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

По преземени мерки и активности, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода на 15.12. и 16.12.2024 на подрачјето на Кисела Вода ги лишиле од слобода М.С.(23), М.Б.(23) и Ф.М.(22), сите од Скопје. Тие се сомничат дека на 15.12.2024 околу 03.00 часот во угостителски објект во Градски парк на подрачјето на Карпош физички го нападнале Ф.Т.(26) од Скопје и му нанеле повреди. Додека, пак, полициски службеници од Единицата за насилен криминал при СВР Скопје, со наредба од Основен кривичен суд Скопје, извршиле претрес во нивните домови, при што биле пронајдени и одземени предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од делото. Во координација со Основното јавно обвинителство Скопје, против лицата е поднесена кривична пријава по брза постапка, по што биле изведени пред судија на претходна постапка, кој им определил мерка домашен притвор.

На 16.12.2024 во 11.30 часот на улица „Димо Гаровоски Кара" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ја привеле А.М.(27) од с.Мала Речица, која била барана по потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна од една година, за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет, наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". Таа била предадена во Казнено - поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 16.12.2024 во 11.30 часот во СВР Скопје било приведено дека на подрачјето на Горче Петров, по претходно недорасвитрување, Е.М.(29) од Тетово бил физички нападнат од И.С. (42) од с.Бревница, тетовско. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.12.2024 во 23.00 часот во СВР Скопје било приведено дека на подрачјето на Горче Петров бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.Е.(47) и Ј.Е.(44) од една страна и Ш.Ш.(39), Е.Ш.(42) и С.Ш.(18) од друга страна, сите од Скопје, поради тоа што Е.Ш. и С.Ш. претходно физички нападнале малолетника која имала здравствени проблеми. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.12.2024 во 17.30 часот во СВР Скопје било приведено дека на подрачјето на Кисела Вода, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Д.(42) и Д.Д.(43), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.12.2024 околу 10.00 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било приведено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен В.Н.(79) од с.Долно Сонје, скопско. Според приведеното, тој се здобил со повреди во двор на фирма на подрачјето на Кисела Вода, каде што бил клиент и бил удрен со работна машина. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.12.2024 во 21.18 часот во СВР Скопје било приведено дека на ул.„Благој Деспотовски Шовељ" на подрачјето на Центар настанал пожар во два помошни објекти и кровна конструкција од куќа, сопственост на Б.Д.(74) од Скопје. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 16.12.2024 во 15.00 часот во Полициска станица Велес, И.Д.(33) од Велес приведе дека на улица „Прохор Пчински" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 16.12.2024 во 16.40 часот во Полициската станица Велес, М.П.(40) од Велес приведе дека на улица „Петре Прличко" во Велес била касната од куче скитник.

На 16.12.2024 во 19.00 часот во Полициската станица Велес, М.М.(47) од село Долно Караслари, велешко, приведе дека на улица „Петре Прличко" во Велес бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Д.С.(21) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 23.08.2024 во Гостивар, при физичка пресметка приведениот му нанел тешка телесна повреда на Л.Ѓ..

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.И.(21), Е.Х.(32) и С.И.(24), сите од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 28.08.2024 на локалниот пат кон с.Селце, тетовско, поради претходни недорасвитрања, настанала физичка пресметка помеѓу тројцата.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Н.Т.(21), И.Т.(24), Д.К.(19), М.Ј.(22), сите од Кочани, С.М.(34), Д.Р.(33), М.П.(26), А.С.(34), сите од Штип и И.М.(27) од с.Чешиново поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 06.10.2024 во угостителски објект во Штип, по претходно недорасвитрање во сообраќајот, настанала физичка пресметка помеѓу приведените, при што било употребени остар и тврд предмет.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.Б.(36) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 09.11.2023 на ул.„Илинденска" во Тетово, полициски службеници извршиле преглед над едно лице, при што бил пронајден и одземен коканин, кој го земал од приведениот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.Н. од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 01.07.2023 во с.Боговиње, тетовско, полициски службеници извршиле преглед над приведениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.Б.(23) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 06.10 2023 на ул.„Благој Тоска" во Тетово, полициски службеници запреле патничко возило „мерцедес", управувано од приведениот, кој од прозорот фолил кеса со марихуана, која била пронајдена.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Ѓ.В.(31) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 03.09.2024 во Струга, полициски службеници извршиле преглед над приведениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Б.Г.(37) од с.Теранци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно оружје при тепачка или каранница". На 17.08.2024 на планина Плачковица, приведениот се обидел физички и со тврд предмет да нападне вработен во Јавно претпријатие - Подрачно шумско стопанство „Серта "Штип, кој извршувал работни задачи.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.У.(59) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно оружје при тепачка или каранница". На 29.08.2024, по претходна расправија, приведениот со нож упатил закани кон А.И..

СВР Штип поднесе кривична пријава против М.Ш.(43) од штипско село поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурност". На 05.12.2024 во атар на с.Јонузлија, по претходна расправија, приведениот упатил закани со огнено оружје на 38-годишната Д.А..

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.Т.(33) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" во врска со семејно насилство. На 17.10.2024, приведениот упатил закани на неговата сопруга.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.Б.(26) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „телесна повреда" во врска со семејно насилство. На 19.11.2024, приведената физички го нападнала незинот сопруг.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.А.(35) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „малтретирање при вршење служба". На 03.10.2024, приведениот како вработен во образована институција упатувал закани кон 14 - годишник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против З.И.(42) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 31.08.2024 приведениот го измамил Н.Л. за сума од 200 евра при купопродажба на возило.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против правно лице од Скопје и Е.Д.(48) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „повреда на правото од призвел или заштитен пронајдок и топографија на интегрални кола". На 27.01.2024, полициски службеници извршиле контрола во објект во Тетово, при што било констатирано дека приведените преку компјутерски систем дејноста ја вршат како коцкање и обложување, додека по однос на лиценците на софтверот, било констатирано дека користат оперативен систем без лиценца.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.У.(65) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности". Приведениот, за свои потреби зел дел од туѓа катастарска парцела и ја заградил за да ја користи како отпад за старо железо.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против А.Ш.(60) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности". Во текот на 2018 година во с.Подгори, струшко, приведениот изградил помошен објект на катастарска парцела без да поседува одобрение од надлежен орган.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.Ш.(39) од с.Рогле поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 12.09.2024 на регионалниот пат Скопје - Тетово, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „фолксваген пасат", управувано од приведениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.

Сајтот упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет